Службен весник на Република Македонија

Број 204 **9 ноември 2018, петок** **година LXXIV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3680.	**Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан.....	**3**
3681.	**Одлука** за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина.....	**3**
3682.	**Одлука** за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија.....	**3**
3683.	**Објава** од Министерство за надворешни работи.....	**4**
3684.	**Објава** од Министерство за надворешни работи.....	**4**
3685.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево.....	**4**
3686.	**Решение** за ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови.....	**4**
3687.	**Решение** за ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови.....	**4**
3688.	**Правилник** дополнување на Правилникот за мерки за здравствена заштита на животните во однос на болеста на чвореста кожа ([1]).....	**5**

		Стр.
3689.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Бошава“ Демир Капија за регулиран период 2019-2021 година.....	**5**
3690.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Бошава“ Демир Капија за регулиран период 2019-2021 година.....	**6**
3691.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „Брегалница“ Делчево за регулиран период 2019-2021 година.....	**6**
3692.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица за регулиран период 2019-2021 година...	**7**
3693.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица за регулиран период 2019-2021 година...	**8**
3694.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „Брегалница“ Делчево за регулиран период 2019-2021 година.....	**8**
3695.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД МАВРОВО Маврови Анови за регулиран период 2019-2021 година.....	**9**
3696.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ХИЃИЕНА Теарце за регулиран период 2019-2021 година.....	**10**
3697.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП ПЛАЧКОВИЦА Карбинци за регулиран период 2019-2021 година.....	**10**
3698.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП ПЛАЧКОВИЦА Карбинци за регулиран период 2019-2021 година.....	**11**
3699.	**Решение** за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП ПЛАЧКОВИЦА Карбинци за 2020 и 2021 година од регулиран период 2019-2021 година.....	**11**
3700.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „Облешево“ Чешиново - Облешево за регулиран период 2019-2021 година...	**12**
3701.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „Облешево“ Чешиново - Облешево за регулиран период 2019-2021 година...	**13**
3702.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на КЈП ВОДНА КУЛА Зрновци за регулиран период 2019-2021 година.....	**13**
3703.	**Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП ВОДНА КУЛА Зрновци за регулиран период 2019-2021 година.....	**14**
3704.	**Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ДУ Чистота Јегуновце ДООЕЛ за регулиран период 2019-2021 година.....	**15**
3705.	**Објава** на движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец октомври 2018 година.....	**15**
	Огласен дел.....	**1-64**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3680.

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА „ОДЛУЧНА ПОДДРШКА“, ВО ИСЛАМСКАТА РЕПУБЛИКА АВГАНИСТАН

1. За учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан се испраќаат 12 (дванаесет) припадници на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), во Командата за обука, советување и асистирање - Север, во Мазар е Шариф во Исламската Република Авганистан, сметано од ноември 2018 година до мај 2019 година.

2. Финансиските трошоци за плати и надоместоци на плати на припадниците на Армијата за време на извршувањето на мировната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана, а трошоците за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедуваат партнерските земји.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во мировната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08 - 6500/1
9 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

3681.

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА „АЛТЕА“, ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

1. За учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина се испраќа 1 (еден) припадник на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), на позиција на штабен офицер во Команда на ЕУФОР „АЛТЕА“, за време од 6 (шест) месеци, сметано во периодот од декември 2018 година до јули 2019 година.

2. Финансиските трошоци за транспорт, плати и надоместоци на плати и логистичките трошоци на припадникот на Армијата за учество во мировната операција, ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадникот на Армијата за учество во мировната операција, ги врши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 - 6501/1
9 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

3682.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 162/15, 59/16, 189/16, 80/17, 190/17 и 94/18), во членот 1 зборовите: „до 31 декември 2018 година“, се заменуваат со зборовите: „до 30 јуни 2019 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-6502/1
9 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

3683.

О Б Ј А В А

Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Унгарија за полициска соработка, склучен во Будимпешта на 20 март 2018 година, ратификуван од Собранието на Република Македонија и објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 121/18, кој што е ратификуван и од страна на Унгарија, согласно член 18, став 1 од предметниот Договор, ќе стапи во сила на 30 ноември 2018 година.

5 ноември 2018 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
Никола Димитров, с.р.

3684.

О Б Ј А В А

Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји, склучена во Скопје на 12 март 2018 година, ратификувана од Собранието на Република Македонија и објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 110/18, која што е ратификувана и од страна на Босна и Херцеговина, согласно член 11 од предметната Спогодба, ќе стапи во сила на 1 декември 2018 година.

5 ноември 2018 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
Никола Димитров, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3685.

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18), министерот за труд и социјална политика донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ДЕЛЧЕВО

1. Се дава согласност на Статутот на Ј.У Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, број 01-492/1 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 30.8.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-10877/2
1 ноември 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Мила Царовска, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

3686.

Врз основа на член 83, став 7 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ

На ден 1.11.2018 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Порој - вон - град, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Порој - вон - град, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Порој - вон - град.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0918-40085/1
1 ноември 2018 година
Скопје

Директор,
м-р **Борис Тунцев,** с.р.

3687.

Врз основа на член 83, став 7 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ

На ден 1.11.2018 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Теарце - вон - град, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Теарце - вон - град, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Теарце - вон - град.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0918-40086/1
1 ноември 2018 година
Скопје

Директор,
м-р **Борис Тунцев,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

3688.

Врз основа на член 49 став (4) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

П Р А В И Л Н И К
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО ОДНОС НА БОЛЕСТА НА ЧВОРЕСТА КОЖА ([1])

Член 1

Во Правилникот за мерки за здравствена заштита на животните во однос на болеста на чвореста кожа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/17, 138/17 и 86/18), во членот 6-а во ставот (2) во точката 4) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“, и се додава нова точка 5) која гласи:

„5) независно од индивидуалниот вакцинален статус или вакцинацијата во одгледувалиштето против болеста на чвореста кожа, животните од регионите од Прилог 1 дел 1 на овој правилник можат да се движат во било кој друг регион од Прилог 1 дел 1 на овој правилник доколку:

а) во засегнатиот регион и останатите региони од Прилог 1 дел 1 на овој правилник е спроведена програма за вакцинација против болеста на чвореста кожа, најмалку 28 дена пред да се испрати пратката, програма за вакцинација е одобрена од страна на Комисијата на Европската Унија и спроведена согласно критериумите од Прилог 2 на овој правилник, при што надлежниот орган на потекло доставил известување за почетокот и крајот на вакцинацијата до надлежниот орган на крајна дестинација и

б) пратката поминува низ региони од Прилог 1 дел 2 на овој правилник истата треба да се спроведе согласно член 12 од овој правилник под службен надзор на надлежниот орган на место на потекло, транзит и крајна дестинација.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Макеоднија“.

Бр. 02 – 3228/3
2 ноември 2018 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3689.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈКП „Бошава“ Демир Капија, бр.01-224/1 од 13.4.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-25/18 од 16.4.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 2.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈКП „БОШАВА“ ДЕМИР КАПИЈА ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈКП „Бошава“ Демир Капија се утврдува просечна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:

- за 2019 година во износ од 10,01 ден/m³;
- за 2020 година во износ од 10,28 ден/m³;
- за 2021 година во износ од 10,58 ден/m³.

[1] Со овој правилник се врши усогласување со Одлуката за спроведување на Комисија 2018/744.ЕУ од 16 мај 2018 за изменување на Одлуката за спроведување 2016/2008 за мерките на здравствената заштита во однос на болеста на чвореста кожа во Земјите членки, CELEX број 32018D0744.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

- минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 0,30%;

- минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 0,25%;

- минималниот и максималниот опсег за 2021 година, изнесува 0,25%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

- за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 9,97 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 10,04 ден/m³;
- за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 10,25 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 10,30 ден/m³;
- за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 10,56 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 10,61 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 Бр. 08-25/18
2 ноември 2018 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

3690.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈКП „Бошава“ Демир Капија, бр.01-223/1 од 13.4.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-26/18 од 16.4.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 2.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈКП „БОШАВА“ ДЕМИР КАПИЈА ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈКП „Бошава“ Демир Капија се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:

- за 2019 година во износ од 26,72 ден/m³;
- за 2020 година во износ од 27,27 ден/m³;
- за 2021 година во износ од 27,90 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

- минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 1,43%;

- минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 1,14%;

- минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 0,88%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

- за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 26,34 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 27,10 ден/m³;
- за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 26,96 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 27,58 ден/m³;
- за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 27,65 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 28,14 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 бр. 08-26/18
2 ноември 2018 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

3691.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и

Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈПКД „Брегалница“ Делчево, бр.0503-392/1 од 13.9.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-76/18 од 14.9.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 2.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈПКД „БРЕГАЛНИЦА“ ДЕЛЧЕВО ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈПКД „Брегалница“ Делчево се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:

- за 2019 година во износ од 32,38 ден/m³;
- за 2020 година во износ од 32,69 ден/m³;
- за 2021 година во износ од 63,92 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

- минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 3,92%;
- минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 4,92%;
- минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 49,68%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

- за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 31,11 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 33,65 ден/m³;
- за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 31,08 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 34,30 ден/m³;
- за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 32,16 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 95,67 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 бр. 08-76/18
2 ноември 2018 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

3692.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица бр.03-353/1 од 13.9.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-77/18 од 14.9.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 2.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ИЛИ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ЈП КАМЕНА РЕКА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:

• за 2019 година во износ од 27,52 ден/m³;
• за 2020 година во износ од 26,29 ден/m³;
• за 2021 година во износ од 26,75 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

• минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 3,59%;
• минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 6,67%;
• минималниот и максималниот опсег за 2021 година, изнесува 7,27%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

• за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 26,53 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 28,51 ден/m³;

• за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 24,54 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 28,04 ден/m³;
• за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 24,81 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 28,70 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 бр. 08-77/18
2 ноември 2018 година Претседател,
Скопје **Марко Бислимоски,** с.р.

3693.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17) член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и бр.172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година на ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица бр.03-354/1 од 13.9.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-78/18 од 14.9.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 2.11.2018 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈП КАМЕНА РЕКА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈП КАМЕНА РЕКА Македонска Каменица се утврдува просечна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:
• за 2019 година во износ од 7,23 ден/m³;
• за 2020 година во износ од 9,24 ден/m³;
• за 2021 година во износ од 9,63 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
• минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 12,20%;
• минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 25,14%;
• минималниот и максималниот опсег за 2021 година, изнесува 25,90%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
• за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 6,35 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 8,11 ден/m³;
• за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 6,92 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 11,56 ден/m³;
• за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 7,13 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 12,12 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 бр. 08-78/18
2 ноември 2018 година Претседател,
Скопје **Марко Бислимоски,** с.р.

3694.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.8.2017 година, а постапувајќи по Барањето за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈПКД „Брегалница“ Делчево, бр.0503-392/1 од 13.9.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-79/18 од 14.9.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 2.11.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈПКД „БРЕГАЛНИЦА“ ДЕЛЧЕВО ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

1. На ЈПКД „Брегалница“ Делчево се утврдува просечна тарифа за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води и тоа:

- за 2019 година во износ од 14,12 ден/m³;
- за 2020 година во износ од 13,77 ден/m³;
- за 2021 година во износ од 14,41 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:

- минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 21,01%;
- минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 20,36%;
- минималниот и максималниот опсег за 2021 година, изнесува 18,82%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:

- за 2019 година:
- минимална просечна тарифа 11,15 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 17,08 ден/m³;
- за 2020 година:
- минимална просечна тарифа 10,96 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 16,57 ден/m³;
- за 2021 година:
- минимална просечна тарифа 11,70 ден/m³;
- максимална просечна тарифа 17,12 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води со предлог тарифа важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1.1.2019 година.

УП1 бр. 08-79/18
2 ноември 2018 година
Скопје

Претседател,
Марко Бислимоски, с.р.

3695.

